

# УВОДНИ СТИХОВИ

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2019

*Сабота, 6 април 2019*

## 1. ТОЈ СЕ ГРИЖИ ЗА СВОИТЕ

**„Господ ги пази оние, кои Го љубат.“ (Псалм 145,20)**

Една млада девојка за прв пат патувала со воз и слушнала дека возот ќе мора да премине преку неколку реки. Била исплашена и вознемирена кога помислила на вода. Сепак, секој пат кога возот се приближувал кон река, имало мост преку кој возот преминал безбедно.

Отако возот преминал неколку реки и потоци, девојката седела на своето седиште воздивнувајќи со олеснување. Потоа се свртела кон мајка си и ѝ рекла: „Мамо, повеќе не се грижам ниту се плашам. Некој подигнал мостови по целиот наш пат!“

Кога ќе дојдеме до длабоки реки и вители од неволји и таги, и ние ќе согледаме дека Бог во Својата милост поставил мостови на целиот наш животен пат. И затоа, не мора да бидеме беспомошни и безнадежни, бидејќи стравот тогаш исчезнува. На посебен, иако за нас несфатлив начин, Бог ќе се грижи за нас и ќе нè води низ сите проблеми и тешкотии до другата страна. Иако ние не го разбираме начинот на кој Тој ќе ги исполни сите наши потреби, можеме да бидеме сигурни дека ќе го најде најдобриот и најбезболен пат до безбедната дестинација.

Оние коишто му го предале својот живот на Бога и секоја околност во која се нашле, можат заедно со псалмистот да восkликнат: „Праведен Си, Господи, на сите Твои патишта, и добар Си во сите Твои дела. Господ е близу до сите кои Го повикуваат, до сите што Го призиваат искрено... Господ ги пази оние, кои Го љубат.“ Наместо да бидеме исполнети со тешки грижи за тоа што нè чека во иднина, можеме целосно да му веруваме на Бога, кој секогаш ќе биде со нас да се грижи за нас и да ни помага.

Нашите очи често се замаглени, па не ја гледаме моќната Божја рака и оние „мостови“ што ги изградил за да минуваме преку нив.

*Сабота, 13 април 2019*

## 2. ГО ДОПРЕВМЕ!

**„Она што беше од почетокот, она што го чувме... и што рацете наши го опипаа... тоа ви го навестуваме.“ (1. Јованово 1,1.3)**

Митологијата е полна со легенди за древни богови, кои потекнуваат од небото и земаат човечка лика, но никој никогаш не ги видел ниту ги чул, а секако, никој не ги ни допрел. Тоа биле фантазии создадени врз основа на човечките стремежи за Бога и надежта дека еден ден ќе им се приближи на луѓето. Отелотворувањето на Исуса Христа, Бог дојден во човечко тело, е остварување на овие човечки стремежи.

Бог не може да бара од човекот нешто што не го бара од самиот себе. Тој го поминал целиот ток на човечкото искуство во личноста на Исуса Христа, од секојдневниот семеен живот и ограничувањата што ги донесува напорната работа, недостаток на пари и најлоши стравови од мачење и понижување, пораз, очај и смрт. Додека бил човек, тој се однесувал како човек. Се родил во сиромаштија и умрел презрен од другите, а сметал дека тоа вредело за да го спаси човештвото.

Осудата на Исуса Христа е непобитен доказ дека Бог е подготвен да стори сè само за да нè приближи кон себе.

Црковниот отец Аурелиј Августин рекол: „Бог се дал Самиот себеси, за да можат Него некое време да го допрат човечките раце“. Го имаме и пишаниот запис на апостол Јован, човек кој буквално го допрел Исуса. Можеме да се потпреме на Неговиот извештај, и можеме да се потпреме целосно на Бога – дека Тој сака да биде близу до тебе и до мене.

Исус Христос, нашиот Спасител е навистина нежен, внимателен, вистинит. Тој разбира сè, и тој нè разбира и нас. Полн е со бескрајна љубов, добар, љубезен и близу до нас. Да, таков е нашиот отелотворен Бог, Исус Христос, Господ и Спасител.

*Сабота, 20 април 2019*

## 3. ЗА'РЃАН МОЗОК

**„А тврдата храна е за полнолетните, кои преку навика, ги извежбале сетилата да разликуваат добро и зло.“** (Евреите 5,14)

Придонесот на Леонардо да Винчи во уметноста, науката и техничките пронајдоци со право му го дава местото на еден од најголемите генијалци во историјата на човештвото. Без разлика дали станува збор за летачка машина или за сликањето на Мона Лиза, неговиот ум е жив, буден и креативен. Му се припишува дека тој за неговите интелектуални способности го кажал следново: „Железото за'рѓува кога не се користи; застојаната вода почнува непријатно да мириса и ја губи својата чистота. Исто е со човечкиот ум – ако не се користи, исчезнува од него живоста“.

Можно е да стане застојан христијанин. Токму тоа им се случило на читателите на Посланието до Евреите. Вдахнатиот писател ги забележал симптомите, а знаел и кој лек е потребен за духовната слабост. „А тврдата храна е за полнолетните, кои преку навика, ги извежбале сетилата да разликуваат добро и зло“.

Зборот „вежбање“ доаѓа од грчкиот збор „gimnasium“ и одговара на нашата идеја за дисциплинирано вежбање. Како христијани, во животот треба да растеме во познавањето на Бога и во зајакнувањето на верата, и на тој начин секогаш да знаеме да го избереме вистинскиот пат. Ова се постигнува кога секојдневно ги читаме пораките од Библијата. Повторно земете ја Библијата в раце и почнете да ја читате редовно, молејќи го Бога да ви даде нови согледувања, кои ќе влијаат на вашата врска со Бога и со другите верници. Вежбајте редовно за да останете духовно свежи и силни, отпорни на најразличните напади и искушенија.

Како што еден рудар копа длабоко за да најде вредно богатство, така и вие длабоко копајте во Библијата за да најдете сѐ што ви треба за успешен духовен живот.

*Сабота, 27 април 2019*

## 4. НЕ УТРЕ, ТУКУ ДЕНЕСКА!

**„Слушајте сега вие, кои велите: 'Денес или утре ќе одиме во овој или во оној град, и таму ќе останеме една година, и ќе тргуваме и ќе спечалиме', вие, кои не знаете што ќе биде утре: зашто, што е вашиот живот? Вие сте пареа, која се јавува за миг, и потоа исчезнува." (Јаков 4,13-14)**

Вечерта пред градот Чикаго да биде уништен во пожар, евангелизаторот Д.Л. Муди (1837-1899) проповедал пред две илјади и петстотини луѓе на темата: „Што да правам со Исус?" На крајот од својата порака, тој рекол: „Однесете ја дома оваа порака и размислете за неа! Дојдете следната недела и кажете ми што одлучивте да направите во врска со неа."

Набргу по тој состанок се слушнале сирените и наскоро градот бил сиот во оган. До полноќ, огнот ја уништил зградата во која Муди проповедал. Илјадници се соочиле со смрт од огнот, а меѓу нив биле и некои од оние што присуствувале на оваа евангелизација. Тие немале една недела да размислуваат за прашањето: „Што да правам со Исус?"

Од тој ден, големиот проповедник никогаш не поставил краен рок за одлуката за Исус. Тој ги охрабрувал луѓето веднаш да одлучат да му се обратат на Бога, уште истиот ден. Божјата Реч вели: „Денес ако го чуете Неговиот глас, не закорувајте ги вашите срца" (Евреите 4,7).

*Сабота, 4 мај 2019*

## 5. МИСЛИ ЗА ЈОВАНОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ

**„Сега сознаа дека е од Тебе сè, што си Ми дал; зашто зборовите, што Ми ги даде, им ги предадов ним, а тие ги примија и навистина сознаа дека излегов од Тебе, и поверуваа дека Ти Ме испрати“ (Јован 17,7.8).**

Учениците не разбирале многу нешта од она што ги учел Господ Исус, но дури и толку малку што го разбирале, го радувало нивното срце.

Тоа што го познавале Него, Неговата личност и Неговите зборови му било многу подрагоцено, затоа што Неговиот земски народ, Израелците, целосно го отфрлиле неговото сведоштво. Петар еднаш рекол: „Господи, при кого да отидеме? Ти имаш зборови на вечен живот. Ние поверувавме и познавме дека си Ти Христос, Син на живиот Бог“ (Јован 6,68.69). На Господа многу му значело тоа што учениците ги прифатиле Неговите зборови, и тоа го спомнал кога му се молел на својот небесен Татко.

Сега на Земјата има души кои веруваат дека Тој дошол од Отецот и дека Отецот му ги дал зборовите што ги зборувал. Тоа било решавачко во нивната заедница со Бога.

Колку спротивно за разлика од другите луѓе кои не го прифатиле ни самиот Исус или она што Исус го зборувал!

Да го израдуваме срцето на нашиот Господ така што ќе ги прифатиме Неговите зборови и ќе ги чуваме во своите срца!

*Сабота, 11 мај 2019*

## 6. БОЖЈЕТО ОТКРИВАЊЕ

**„Во тоа време, Исус одговори и рече: ’Те фалам, Татко, Господи на небото и на земјата, зашто си го скрил тоа од мудрите и разумните, а си го открил на младенците’“ (Матеј 11,25).**

Овие зборови на Божјиот Син не подразбираат дека Бог не обезбедува спасение за интелигентните луѓе. Со оглед на тоа дека Бог го дарувал човештвото со мудрост и разумност, Тој не го омаловажува ниту го осудува. Бог не поддржува неразумност или небрежност, ниту ги презира научниците и истражувачите, кои дејствуваат во согласност со Неговите заповеди, дека човештвото треба да се множи и ја исполни земјата (1. Мојсеева 1,28).

Исус Христос овде не зборува за мудроста на земниот човек, туку за познавањето на Бога и неговото спасение. Сепак, талентот и мудроста никому не му даваат предност во поглед на спасението. Напротив, тоа може да биде пречка за човекот - затоа што смета дека е бескорисно да разбере нешто во врска со Бога и Неговите намери. Одвојувајќи се од Бога, човекот станал возгордеан, арогантен и се вознесе во својот ум, па одбива да се потчини на Бога и да биде просветлен со онаа светлина што само Тој може да ја даде.

Бог не им се открива на оние кои себеси се сметаат за мудри во поглед на ова и во врска со земскиот живот, и кои мислат дека со својот разум ја надминуваат Божјата реч. Не, Тој им се открива на „малите“, односно на оние кои раскинале со сопствената мудрост и сфатиле дека се само грешници пред Бога. Само такви личности го запознаваат Бога, и тоа не со нивно сопствено разбирање, туку преку совеста: согледуваат дека се изгубени и безвредни (како Исаија, во Исаија 6,5). Но, тие го слушнале и се озвале на Христовиот повик: „Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор“ (Матеј 11,28). Овој пат е единствениот кој води до Бога, бидејќи во вечното спасение можеме да влеземе само преку вратата на милоста.

*Сабота, 18 мај 2019*

# 7. СКРШЕНА НОГА

**„И грешникот што прави зло, и стопати живее долго, јас сепак знам дека ќе бидат среќни оние кои се бојат од Бога, зашто се бојат од Него“ (Проповедник 8,12).**

**„И прекумерно се чудеа и велеа: ’Сѐ добро прави! (Исус)’“ (Марко 7,37).**

Мери Тјудор, кралицата на Англија од 1516. до 1558. година, главно е позната како Крвавата Мери. Оваа несреќна жена барала да им се отсечат главите на повеќе од триста луѓе, и да се затворат голем број христијани. Еден од затворениците, Бернард Гилпин, поради својата вера бил, исто така, осуден на смрт.

За време на тешкото издржување на затворската казна во познатата кула во Лондон, тој сакал да го повторува библискиот стих кој му влевал големо охрабрување: „Но знаеме дека сите работи содејствуваат за добро на оние, кои Го љубат Бога“ (Римјаните 8,28).

Еден ден Гилпин се стркалал надолу по скалите на кулата во која бил затворен и ја скршил ногата. Додека се превиткувал од болки, стражарот ја исмејувал неговата вера и библискиот стих што го сакал толку многу: „Ха, ха! Немој да ми кажеш дека ова што ти се случи е нешто добро?“ – „Па“, одговорил затвореникот, „мора да е така, зашто Бог вели дека сѐ им содејствува на добро на оние што го љубат, дури и тогаш кога не го разбираат начинот на кој Тој ги води.“

Следниот ден, како што дознал подоцна, бил одреден за негово погубување. Но, проблемот бил во тоа како да се пренесе тешко повреден човек, па затоа бил оставен во затворот. Кратко потоа, Марија го изгубила својот живот. Наместо неа на престолот дошла нејзината сестра Елизабета I која веднаш ги укинала прогонствата. Неколку дена потоа Бернар Гилпин бил ослободен.

Не знаеме како Бог нѐ води во животот, но што и да ни се случува, Бог ни го посакува најдоброто. Затоа: „...јас сепак знам дека ќе бидат среќни оние кои се бојат од Бога“.

*Сабота, 25 мај 2019*

# 8. ТРАЈНА РАДОСТ

**„Па доведете едно згоено теле и заколете го; да јадеме и да се веселиме“ (Лука 15,23).**

Кој не копнее за тоа да се радува и да биде весел? Секој ја користи предноста, секогаш кога има прилика, за да ужива. Но, има една вистинска радост која е трајна. Не смееме да ја помешаме со занес во кој се паѓа по неколку часа забава и кој често остава само замор или грижа на совеста.

Во денешниот библиски стих, станува збор за сосема поинаква гозба. Во Лука 15,24 читаме: „И почнаа да се веселат“ - но никаде не се споменува крајот на таа веселба. Господ Исус овде ни зборува за изгубениот син. Оваа тема е доста актуелна: млад човек го остава својот роден дом и го троши и растура сиот имот на татка си. Тој сака да ужива во животот додека е млад, слободен и полн со енергија. Неговиот начин на живот Библијата го опишува со зборовите: „Помладиот син, кога собра сѐ, отиде во далечна земја и таму го потроши својот дел, живеејќи блудно“.

И што му останало од наследството на овој млад човек? – Ништо! Но, кога се нашол меѓу свињите, тој не знаел што да прави, па размислувајќи, дошол до следното најразумно решение: „Ќе одам кај татко ми!“ Бог, преку оваа споредба сака да ни каже дека, откако луѓето се одвоиле од Него, и „се изгореле“, па откриле празнина во своето срце, сѐ уште можат да се вратат, дури и оние што ги потрошиле сите дарови и способности што Тој им ги дал. Патот до вистинска радост сѐ уште е отворен за сите оние што сакаат да се вратат назад кај Бога.

*Сабота, 1 јуни 2019*

## 9. ВОЈНА И МИР

**„Слава на Бога во висините и на земјата мир, во луѓето добра волја!“** (Лука 2,14)

Темата на една серија предавања од областа на историјата била: војна и мир. При тоа, наставникот успеал учениците да ги одушеви со предавањето за мирот. Потоа разговарале за начините како да се избегнат воените судири. Еден од предлозите бил: да се уништат сите видови оружја. Тие дури измислиле и некои пароли против војната. Но, тогаш еден студент, колебајќи се, сепак се осмелил да спомене дека Каин го убил брата и пред да биде измислено оружјето. Наставникот не можел да го објасни овој вистински факт, па останале на заклучокот: потребно е да се отстрани личното оружје.

Што кажува Библијата за тоа? Таа ни покажува дека вистинската причина за сите војни лежи во човечкото срце. Гревот на Адама и Ева го претворил човечкото срце во извор на многу зла, било во мислите или во делата. Ако сме искрени, секој од нас во себеси ќе открие завист, омраза, гнев, непријателство и многу други лоши работи. Јасно е дека кај првите човечки деца, Каин и Авел, причината за првото убиство се состоела во тоа што во срцето имало длабоко вкоренета завист и непријателство. Поради овие исти пороци, почнуваат и војни.

Кога се родил Спасителот, ангелите над Витлеемеските полиња прогласиле „мир на земјата“. Но, отфрлањето на Кнезот на мирот, Господ Исус Христос, го спречило мирот на Земјата. Мир нема да завладее на овој свет сè додека не се појави Христос по втор пат, да го осуди и отстрани сето зло и да го воспостави своето царство на мирот.

*Сабота, 8 јуни 2019*

## 10. НА КОЈА ГРУПА ТИ Ѝ ПРИПАЃАШ?

**„Така и Христос, откако еднаш се принесе Самиот Себе како жртва, за да ги однесе гревовите на мнозина, вторпат ќе им се јави не веќе како жртва за грев на оние што Го очекуваат, туку за нивно спасение“ (Евреите 9,28).**

Денешниот стих е продолжение на оној од минатата седмица. Важно е да се забележат три работи:

Христос се принесе себеси еднаш. Неговата жртва била принесена само еднаш, исто како што и човекот умира само еднаш. Неговата смрт не треба да се повторува, зашто целосно и еднаш засекогаш ги исполнила праведните барања на Бога. Дека Бог бил задоволен со оваа жртва, тоа го потврдил на тој начин што го воскреснал од мртвите (спореди со Римјаните 4,25).

„Христос, откако еднаш се принесе Самиот Себе како жртва, за да ги однесе гревовите на мнозина“. Кои сте тие „мнозина“? Не сите се вклучени во оваа група составена само од оние кои ги признале своите гревови во текот на својот живот и поверувале дека Тој трпел и умрел наместо нив. Само тие се Божји деца. Осудата што ја заслужиле тие, како и сите останати, поминала – Исус Христос ја зел врз себе. Тоа е причината зошто сега можат да Го чекаат неговото доаѓање со радост во своите срца.

Христос повторно доаѓа и ќе им се објави на оние што се Негови. Ова доаѓање нема да се однесува на прашањето за гревот. Христос ги понел гревовите на оние што му припаѓаат кога првпат дошол на овој свет, за Бог да се прослави и правдата да се задоволи. Затоа, ова прашање ќе биде непотребно кога Тој ќе се врати по своите, по оние што со копнеж го очекуваат.

*Сабота, 15 јуни 2019*

## 11. НОВ ПАРИЧНИК

**„Сине мој, дај ми го своето срце и нека твоите очи внимаваат на моите патишта“ (Мудри изреки 23,26).**

**„Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам; ќе го земам од вашето тело каменото срце и ќе ви дадам срце од месо“ (Езекиел 36,26).**

Во една прилика децата требало да го научат библискиот стих: „Сине мој, дај ми го своето срце“. Кога Ана се вратила дома, го прашала татка си: „Тато, што значи тоа: „Сине мој, дај ми го своето срце?“ „Ќе ти објаснам ако ми го донесеш твојот паричник“, одговорил таткото.

Девојчето отишло и неволно го донело својот стар паричник во кој се наоѓало сето нејзино „богатство“ - неколку денарчиња. Таткото без збор го зел паричникот и го ставил во џебот.

Следниот ден ја повикал ќерка си и ѝ рекол: „Ана, твојот паричник не беше доволно добар за она што сакав да го ставам во него. Затоа ви давам нов; Погледни што ставив во него! „Отворајќи го, Ана се изненадила кога во него, наместо оние неколку излижани денарчиња, нашла сосема нова пара од педесет денари.

Таткото ѝ објаснил: „Драга Ана, сакаше да знаеш зошто Господ Исус го сака нашето срце. Еве зошто: Ние можеме да му го дадеме само она што го имаме: доста расипано срце кое не вреди многу. Наместо тоа, Тој ни дава сосема ново срце и во него става вистинско богатство: вистинска радост, вечен живот и место на Небото. Дали сфаќаш сега зошто требаше да го научиш овој стих?“

„И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сè стана ново“ (2. Коринќаните 5,17).

*Сабота, 22 јуни 2019*

## 12. ПОБЕДА НА ХРИСТОВАТА ЉУБОВ

**„Но, на вас - кои слушате - ви велам: ‘Љубете ги своите непријатели; правете им добро на оние, кои ве мразат. Благословувајте ги оние, кои ве колнат; молете се за оние, кои ве навредуваат’“ (Лука 6,27.28).**

„Љубете ги своите непријатели.“ Колку е тешко да се спроведат овие зборови што ги кажал Господ Исус Христос. Сепак, кога некој станува вистински следбеник на Исус, Божјата љубов му овозможува да сака нешто што инаку му е мило или, пак, го мрази.

Кога Отоманската империја се проширила кон Централна Европа, Турците заробиле еден млад војник христијанин и го уапсиле во тврдината во Белград. Командантот му наредил да го доведат кај него и му нудел најразлични награди и почести ако стане муслиман. Но, затвореникот одбил да се откаже од својот Господ. Поради ова, го мачеле на сите можни начини, но ништо не ја поколебало неговата вера. На крајот, тој бил ослободен од страна на некои негови пријатели.

Две години подоцна, бесчувствителниот турски командант бил заробен за време на една битка и предаден на чување токму кај овој млад војник што некогаш бил малтретиран. Кога видел во чии раце паднал, затвореникот зазел многу пркосен и обивен став. „Можеш да правиш што сакаш“, рекол тој, „ќе се покорувам само на наредбите на нашиот пророк.“ – „И јас исто“, одговорил младиот офицер, „ќе се покорувам само на зборовите на мојот Господ, кој рече: ‘Љубете ги своите непријатели, правете им добро на оние кои ве мразат’. Како Христов слуга, ќе наредам да те ослободат“.

Поранешниот командант останал без зборови. Потоа, тој бил однесен во домот на војникот, каде што научил многу повеќе за Христовата љубов.

*Сабота, 29 јуни 2019*

## 13. ТЕМНИНА

**„И се спушти густа темнина на сета Египетска Земја: траеше три дни... А во местата каде што живееја Израелците блескаше светлина“ (2. Мојеева 10,22-23).**

Тоа навистина била невообичаена ситуација! Божјата осуда веќе по деветти пат се излеала над фараонот, египетскиот цар, и над неговата земја, бидејќи одбил да му дозволи на израелскиот народ да го ослободи од ропството во кое го држел со години. За три дена земјата потонала во голема темнина, така што никој не можел никого и ништо да види.

Но, за време на оваа казна, се случило чудо на милоста. Во домовите на Израелците имало светлина. Бог го зачувал својот народ, давајќи им со тоа сведоштво дека следува кулминација на Неговото милосрдно постапување, кое наскоро требало да го доживеат: ослободување на народот од египетското ропство.

Ова треба да нè потсети на една друга библиска сцена: „А од шестиот час беше темнина по целата земја до деветтиот час“ (Матеј 27,45). Ништо не ни е кажано за оваа темина. Среде овој застрашувачки настан, немало ни трошка милост, која би пружила некаква надеж. Бил потполно сам, изложен на Божјата осуда; Исус Христос претрпел страдања заради вината на другите луѓе, и врз себе ја носел казната што ги очекувала изгубените грешници за да им обезбеди спасение. Само оној осамен повик: „Боже мој, Боже мој, зошто ме остави?“ може да ја пренесе суровоста на оваа осуда. Христос бил оној кого Бог „Го направи грев за нас, за да станеме Божја правда во Него“ (2. Коринќаните 5,21).

Но, милоста е главната движечка сила за Божјето дејствување на крстот. Тој не го поштедил својот Син, само за да нè изведе од „темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9). Сега светлината на Божјата милост може да блесне и да ги осветли становите на откупените, зашто Исус го претрпел мракот на осудата наместо нив. – Да го славиме поради оваа негова скапоцена жртва!

ГРАДИВО 2/2019
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**